ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број:15-184/3**

**Дата: 26.02.2015**

**ДО**
**ОПШТИНА БОГДАНЦИ**

## КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

### Резиме

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на сметката на основен буџет (630) на Општина Богданци за 2013 година.

При ревизијата беа земени во предвид и препораките дадени во Конечниот извештај за извршената ревизија на финансиските извештаи за 2007 година, при што е утврдено дека од дадените девет препораки, четири препораки се спроведени, а пет препораки се делумно спроведени.

За финансиските извештаи за 2013 година на сметката на основниот буџет (630) на Општина Богданци изразивме неповолно мислење во делот на вистинитоста и објективноста како и за усогласеност со закони и прописи.

Во Општина Богданци не е воспоставен систем на интерни контроли во процесот на утврдување и наплата на приходите за чие администрирање е надлежна општината. Нема донесено пишани процедури со јасно разграничени надлежности и одговорности на вработените во општинската администрација при утврдување и наплата на даноците на имот и комуналните такси.
Поради значителното отстапување на остварените приходи во однос на планираните, градоначалникот на Општина Богданци поднел предлог до советот да се изврши ребаланс на буџетот, но советот не го прифатил ребалансот.

| *Ревизорски тим:* | *Овластен државен ревизор* |
|---|---|
| *1.* ____________________ | ____________________ |
| *2.* ____________________ | |
| *3.* ____________________ | |

Во период кога Општина Богданци има блокирана сметка, спротивно на законските одредби во текот на 2013 година дел од трансакциите се извршени со пресметки (компензации и цесии), односно не се реализирани преку платниот промет на трезорскиот систем.

За надминување на констатираните состојби дадени се препораки на одговорното лице и надлежните органи.

Не се примени забелешки по нацрт извештајот на овластениот државен ревизор број 29-653/2 од 25.12.2014 година.

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страна 9 и 10 заедно со ревизија на усогласеност на сметката на основен буџет (630) на Општина Богданци, кои се состојат од биланс на состојба на ден 31 декември 2013 година и биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум и преглед на значајни сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државната ревизија.

1.3. Извршена е ревизија и е издаден извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи на сметката на основен буџет (630) на Општина Богданци за 2007 година. Изразено е неповолно мислење за вистинитоста и објективноста на финансиската состојба на сметката на основен буџет (630) на Општина Богданци под 31 декември 2007 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, како и за усогласеност на активностите, финансиските трансакции и информации со релевантната законска регулатива.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од:

- Ристо Ичков - градоначалник на Општина Богданци од 10.04.2009 до 23.04. 2013 година и
- Анастасија Олумчева - градоначалник на Општина Богданци од 24.04.2013 година.

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи кои се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.
Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците на сметката на основен буџет (630) на Општина Богданци се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

## 2. Цели и делокруг на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на:

- финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување.
- усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за добивање на достатни и соодветни ревизорски докази како поткрепа на износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Изборот на постапки

зависи од ревизорската процена, вклучително и процена на ризиците за материјално погрешни прикажувања во финансиските извештаи без разлика дали се резултат на измами или грешки.
При процена на ризиците, ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовката и објективното презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на интерните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува проценка на соодветноста на користените сметководствени политики и сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1.4. на овој извештај, како и општа оценка за севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека обезбедените докази ни обезбедуваат разумна основа за нашето ревизорско мислење.
Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена од 15.09.2014 до 24.10.2014 година, кај Општина Богданци на сметката на основен буџет (630) од тим на Државниот завод за ревизија .

## 3. Осврт на ревизијата од претходните години - спроведување на препораките

Ревизијата од точката 1.1. опфати и ревизија на спроведување на препораките дадени во конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2007 година. Во Прилог 1 (прилог кон овој извештај), дадени се резултатите од извршената ревизија на спроведување на препораките презентирани во конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2007 година.

## 4. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорното лице на субјектот предмет на ревизија на 17.11.2014 година.
Не се примени забелешки по нацрт извештајот на овластениот државен ревизор број 29-653/2 од 25.12.2014 година.
Со ревизијата на финансиските извештаи за 2013 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

## 4.1. Интерни контроли

**Процес на утврдување и наплата на приходи**

4.1.1. При оценка на системот на интерни контроли во процесот на пресметување, утврдување и евидентирање на побарувањата како и наплатата на приходите по основ на даноци, такси и надоместоци, имајќи ја во предвид значајноста на наведените приходи, за чие администрирање е надлежна општината, утврдивме ризик од нецелосна и ненавремена наплата на приходите по истите. Причините за наведената состојба се следните:

- отсуство на пишани процедури со јасно дефинирани и разграничени контролни активности, надлежности и одговорности на вработените во општинската администрација, вклучени во процесот на утврдувањето, евиденцијата на побарувањата и наплата на приходите,
- не е назначен раководител на одделението надлежно за реализација на активностите во наведениот процес, со што е отежната/оневозможена координација помеѓу надлежните лица.

Утврдената состојба не е во согласност со одредбите на Законот за јавна внатрешна финансиска контрола и создава можност од нецелосно функционирање на клучните контроли, со кои ќе се обезбеди уверување дека е извршена целосна, навремена и законска пресметка и наплата на даноците.

**Препорака:**
Градоначалникот да преземе мерки и активности да донесе пишани процедури во кои јасно ќе бидат утврдени надлежностите и одговорностите на вработените во процесот на утврдување и наплата на приходите за кои е надлежна општината и имплементација на истите.

## 4.2. Усогласеност со закони и прописи

4.2.1. Општина Богданци со буџетот за 2013 година има планирано приходи и расходи во износ од 59.182 илјади денари. Во текот на годината при извршување на буџетот се констатирани отстапувања од планираните средства како кај основниот буџет, така и кај буџетот на дотации.
Согласно одредбите на член 29 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа и одредбите од членот 36 од Законот за буџетите, доколку во текот на фискалната година приходите и расходите не се остварат како што е планирано во буџетот на општината, или ако реализацијата на приходите и другите приливи значително отстапува од планот, градоначалникот му предлага на советот измени и дополнувања на буџетот. Имајќи ја во предвид оваа законска

обврска, на седницата на советот одржана на ден 25.06.2013 година, градоначалникот на Општина Богданци дал предлог до советот да се изврши ребаланс на буџетот поради отстапување на приливот на парични средства по разни основи од планираниот прилив на парични средства. Советот на Општина Богданци не го прифатил ребалансот на буџетот иако реално имало законска обврска да се изврши ребаланс на истиот. На крајот на 2013 година утврдено е отстапување на остварените од планираните приходи во износ од 26.881 илјади денари, односно планираните приходи во износ од 59.182 илјади денари се реализирани во износ од 32.301 илјади денари или 54,58%, што придонесува да не се реализираат зацртаните цели и задачи на општината.

**Препорака:**
Надлежното одделение, планирањето на буџетските приходи и расходи при изготвување на буџетот како и при ребаланс на истиот да го темели на реалните состојби и можности на Општината и податоците за остварувањата во претходните години во функција на добро менаџерско управување.

**4.3. Финансиски извештаи**

4.3.1. Во текот на 2013 година дел од наплатата на приходите/расходите е извршена преку пресметки (компензации, цесии) во вкупен износ од 12.606 илјади денари или 39% од вкупните приходи, кои не се реализирани преку платниот промет на трезорскиот систем, а кога сметката на Општина Богданци е блокирана по извршни судски решенија.
Ваквиот начин на наплата/исплата на приходите/расходите не е во согласност со член 18 од Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници и член 25 став 2 од Законот за платен промет (буџетските корисници и единките корисници кои имаат трансакциони сметки во трезорската главна книга не можат да вршат плаќања со пресметка ако имаат блокирани сметки. Не почитување на законските прописи придонело за вршење на платен промет надвор од трезорскиот систем како и за нереални приходи и расходи и го нарушува принципот на сметководственото начело на парично искажување.

**Препорака:**
Да се почитува буџетскиот принцип на искажување на приходите/расходите, согласно Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници и да не се применуваат формите на плаќање со пресметка кога Општината има блокирана сметка.

**Вкупни ефекти од наодите**

Вкупните ефекти од изнесените наоди во точката 4.3. се однесуваат на плаќањата со пресметка кои не се реализирани преку платниот промет на трезорскиот систем.

## 5. Ревизорско мислење

**Мислење за финансиските извештаи**

Според наше мислење, поради значајноста на прашањата изнесени во точката 4.3. финансиските извештаи не ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на сметката на основен буџет (630) на Општина Богданци на ден 31 декември 2013 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

**Мислење за усогласеност со закони и прописи**

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точките 4.2. и 4.3., активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на сметката на основен буџет (630) на Општина Богданци, не се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

**Прифатени и коригирани неправилности во билансот на состојба од страна на Општина Богданци**

Во текот на ревизијата, од страна на недлежните служби со НЗК бр. 0002 од 16.10.2014 година, на сметката на основен буџет (630) се евидентирани побарувањата во износ за 42.806 илјади денари кои се искнижени од сметката на основен буџет (637).

Скопје 11.02.2015

**ОПШТИНА БОГДАНЦИ**

**СМЕТКА НА ОСНОВЕН БУЏЕТ (630)**

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2013 ГОДИНА**

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2013 | 2012 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Даночни приходи | 3.1. | 16.035 | 17.281 |
| Неданочни приходи | 3.2. | 584 | 597 |
| Капитални приходи | 3.3. | 1.121 | 2.013 |
| Трансфери и донации | 3.4. | 14.561 | 10.565 |
| **Вкупно приходи** | | **32.301** | **30.456** |
| | | | |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надомести | 3.5.1. | 8.358 | 6.288 |
| Стоки и услуги | 3.5.2. | 12.384 | 12.974 |
| Субвенции и трансфери | 3.5.3. | 1.677 | 1.347 |
| Социјални бенефиции | 3.5.4. | 562 | 663 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **22.981** | **21.272** |
| | | | |
| **Капитални расходи** | 3.6. | **8.133** | **7.728** |
| | | | |
| **Отплата на главница** | 3.7. | **342** | **0** |
| | | | |
| **Вкупно расходи** | | **31.456** | **29.000** |
| | | | |
| **Суфицит (вишок) на приходи** | | **845** | **1.456** |

**ОПШТИНА БОГДАНЦИ**

**СМЕТКА НА ОСНОВЕН БУЏЕТ (630)**

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА 31 ДЕКЕМВРИ**

во 000 ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2013 | 2012 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 845 | 1.456 |
| **Вкупно тековни средства** | | **845** | **1.456** |
| **Вкупна актива** | | **845** | **1.456** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Пасивни временски разграничувања | 4.2.1. | 845 | 1.456 |
| **Вкупно краткорочни обврски** | | **845** | **1.456** |
| **Вкупна пасива** | | **845** | **1.456** |